


**18.06.2025-Среда**

## НАСТАНИ




### Изложба "Пресвета Богородица" на Таневска

Денес- 18 јуни 2025 година (среда), со почеток во 19:00 часот, во Уметничката галерија „Амам“- Гевгелија, ќе биде отворена Изложбата на уметнички дела од Анета Таневска со наслов „Пресвета Богородица“. Изложбата претставува ликовна посвета инспирирана од духовниот и симболички лик на Богородица, како вечна инспирација за генерации уметници.

Делата се изработени во различни техники и медиуми - масло и акрил на платно, лесонит, дрво и картон што внесува разновидност во текстурата и композицијата, но истовремено задржува визуелна кохезија и духовна длабочина.

Изложбата е во организација на НУ Музеј- Гевгелија и е дел од серијата културни настани со кои Гевгелија го одбележува својот статус како град на култура за 2025 година.






**18.06.2025-Среда**




## Денес, изложба "Црквите и манастирите во Гевгелиско" во надворешниот амбиент на Железничка станица

Денес- 18 јуни 2025 година (среда), со почеток во 20:00 часот, на перонот на Железничката станица во Гевгелија, ќе биде отворена Изложбата на фотографии „Црквите и манастирите во Гевгелиско“. Изложбата се реализира во организација на Етнокореолошкиот оддел при ЈОУ Дом на култура „Македонија- Гевгелија, во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на култура за 2025 година“.

Овој проект претставува симбиоза на научно-истражувачка дејност и уметнички концепт за нејзина визуелна презентација. Заедно со приказот на манастирите и црквите, изложбата ги претставува и традиционалните носии на етникумот кој живее во поднебјето каде се наоѓаат светите објекти. Традиционалната носија е прикажана во автентични контексти на нејзиното некогашно носење, симулирајќи мало патување низ времето.

Изложбата, составена од фотографии изработени на форекс, ги претставува дел од црковните храмови од селата Конско, Ума и Серменин, во комбинација со елементи од богатото фолклорно наследство на регионот.




**18.06.2025-Среда**




## На 19 и 20 јуни е време за "Кратки ноќи добри филмови"

Во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“, љубителите на филмската уметност ќе имаат можност да уживаат во дводневниот филмски настан „Кратки ноќи добри филмови“, посветен на краткометражниот филм како форма што со сѐ поголема сила го освојува вниманието на светската и домашната јавност.

Настанот ќе се одржи на 20 и 21 јуни 2025 година, на две различни локации. Првата проекциска вечер ќе се случи во петок, на 20 јуни, пред Народниот театар во Гевгелија, а втората вечер, на 21 јуни (сабота), филмските проекции ќе се преселат во дворот на кафе-бар „У“- Гевгелија. И двете вечери започнуваат во 20:30 часот, а влезот за публиката е слободен.

Програмата, составена од Стефчо Стефанов, вклучува внимателно селектирана колекција на наградувани краткометражни филмови и анимации кои се истакнале на значајни светски фестивали. Меѓу нив ќе бидат прикажани и филмови од македонска продукција, давајќи можност домашната публика да се запознае со современиот креативен израз на македонските автори.



**18.06.2025-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ



**Влегува во завршна фаза реконструкцијата на натпатникот на влезот во Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, после увидот во градежните работи, ја најави завршната фаза на Проектот за реконструкција на натпатникот со дел од булевар „Гевгелија“. Како што истакна, течат граджните активности за поставување хидроизолација со полимерна мрежа како припремен дел за асфалтирање на завршниот горен слој. Во наредната фаза следи замена на заштитната ограда по целата должина на мостот.

Проектот ги опфаќа следниве активности: реконструкција на тротоарите по целата должина, поставување нова заштита ограда на мостот, замена на старите дилатациони ленти (споеви на мостот) и изградба на атмосферска канализација на критичните точки за одведување на дождовната вода. Покрај овој зафат, се реализираат и други три инфраструктурни проекти, меѓу кои и изградбата на нов модерен кружен тек, коишто по нивното завршување ќе придонесат за целосна трансформација на влезот во градот, но и долгорочно и квалитетно решение.

Истовремено, градоначалникот Сарамандов упати и апел до учесниците во сообраќајот за зголемено внимание и трпение поради одвивањето на градежните активности коишто поради специфичноста на теренот ги отежнуваат условите за одвивање на сообраќајот.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




**18.06.2025-Среда**



## Координативен состанок за планирање превентивни активности за спречување пожари

Во просториите на Општина Гевгелија, се одржа состанок со присуство на претставници од повеќе институции кои според своите надлежности учествуваат во делот на превенција и справување со шумски пожари и пожари на отворено. Целта на состанокот беше зајакнување во делот на координацијата и планирање превентивни активности во пресрет на сезоната со зголемен ризик од пожари.

На состанокот беа донесени следните заклучоци: зачестена заедничка координација и комуникација меѓу институциите, организација на комбинирани патроли на терен, изработка и дистрибуција на едукативни флаери, организирање координативни состаноци со месните заедници за вклучување на локалното население во делот на превенција, користење на дронот кој е во функција на ТППЕ- Гевгелија, а по потреба и дронот на Граничната полиција, се со цел откривање, навремена реакција и казнивост за сторување на нодозволени активности согласно закон, редовно следење на временската прогноза, особено на состојбата со ветровите и поднесување барање за назначување инспектор за пожари во Општината

Се апелира до граѓаните: во континуитет да се пријавуваат сите сомнителни активности на терен на повикувачкиот број 112, да не се пали оган на отворено, вклучително и на имот во лична сопственост, да не се фрлаат отпушоци на отворено и да се прават заштитни појаси покрај домовите и викендиците.

Општина Гевгелија продолжува со проактивен пристап и соработка со сите институции за навремена превенција и заштита на граѓаните и животната средина.



ГЕВГЕЛИЈА



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**18.06.2025-Среда**



## Поставката "Врање"- финале на фолклорната сезона за Ансамблот "Бојмија"

На 16 јуни, во Народниот театар - Гевгелија, Ансамблот за традиционални игри и песни „Бојмија“- Гевгелија го одржа својот трет и последен концерт од сезоната. На сцената настапија првиот состав и ветеранската група, со изведби што уште еднаш покажаа дека фолклорот во Гевгелија живее со полн здив.

Публиката беше сведок на богата програма што го спои класичното со нешто поинакво- кореографии со љубовни теми, кои на сцената донесоа надигрување помеѓу машки и женски групи. Концертот беше дополнет и со вокални интерпретации на традиционални песни кои допреа до срцата на присутните.

Еден од највпечатливите моменти за крај на Концертот беше изведбата на кореографијата „Врање“, што ја донесе атмосферата на јужниот балкански простор со автентичен израз, ритам и носии, но и нови драмски елементи вметнати помеѓу кореографиите.

Ансамблот „Бојмија“ со својот континуиран труд и посветеност уште еднаш докажа дека е вистински чувар на локалното културно наследство, кој успешно ја пренесува љубовта кон традицијата на новите генерации и ја одржува врската жива со народните корени.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**18.06.2025-Среда**



## Пикник со ритам и боја во Гевгелија

На 15 јуни 2025 година, локалитетот „Динќут“ во Гевгелија беше претворен во вистинска оаза на дружење и културна разноликост. Под отворено небо и во пријатна природа, се одржа „Гевгелија на пикник“- рекреативно-забавен настан кој привлече голем број граѓани и љубители на музика и уметност. Во текот на денот, посетителите уживаа во електронските ритми и сетови на диџеите од Funky Fresh- Гоце Саф и Чваре, како и во сетовите на локалните диџеи Димитар, Софијанов, Јаков и Разал Ветаљ.

Програмата беше дополнително збогатена со уметнички перформанс во живо- уметницата Анамарија Митриќеска Кал`чева заедно со нејзините ученички создадоа мурал инспириран од природата и духот на заедништво. Овој мурал, чија негова изработка имаа можност да ја следат сите присутни- од првите линии до финалниот колорит, симболично ги поврза културната сцена и младешката енергија, оставајќи траен белег на „Динќут“ како простор на слобода, хармонија и креативност.

Гастрономската понуда беше овозможена преку штандовите на „Гироделика“ и „Џуми“, а за љубителите на локалниот активизам и занаетчиска креативност беа поставени штандови со рачни изработки и презентации на граѓански организации.

„Гевгелија на пикник“ се покажа како место каде што различни генерации- млади и стари, семејства и пријатели можеа да се сретнат, да се забавуваат и да ги поддржат локалните таленти, но и да имаат ден исполнет со позитивна енергија, нови пријателства и инспирација.

Настанот беше дел од програмата за „Гевгелија град на култура за 2025 година“, а организатор беше Здружението на граѓани „АРТ УМ 023“.